СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-143/5
13.03.2021 год.
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

ул. Балзакова бр. 32 Скопје
(02) 3246 852

**ИЗВЕШТАЈ**
од **осумнаесетта седница** на Извршниот одбор на СКМ
одржана **на ден 21.01.2021 година**

На **18-тата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 14 членови.**

На седницата **оправдано отсутен** беше д-р Фисник Касапи.

На седницата присуствуваше и Претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.**

Седницата започна во **13:30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими со читање на Предлог- дневниот ред.

**Предлог-дневен ред**

1. Разгледување и усвојување на предлог- записник од 17-та седница на ИО на СКМ;
2. Разгледување и завземање на став по однос на Пресуда на Управен суд по однос на тужбата на ЗПЗСУ ПДДМ;
3. Разгледување и завземање став по однос на Конечното известување за утврдена фактичка состојба на Комисијата за заштита на конкуренцијата по однос на Ценовник за минимални цени;
4. Разгледување и утврдување на Листата на испитувачи за државни испити;
5. Информација за работата на секторите во Стручната служба на Комората;
6. Информации поврзани со активностите и продажбата на стариот деловен простор на Комората на ул.Антон Попов и тековни активности околу новиот деловен простор на ул.Балзакова бр.32;
7. Разно.

По читањето на Предлог- дневниот ред, истиот беше ставен на гласање, при што Предлог-дневниот ред едногласно беше усвоен, без измени и дополнување и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1. Разгледување и усвојување на предлог- записник од 17-та седница на ИО на СКМ;**
**2. Разгледување и завземање на став по однос на Пресуда на Управен суд по однос на тужбата на ЗПЗСУ ПДДМ;**
**3. Разгледување и завземање став по однос на Конечното известување за утврдена фактичка состојба на Комисијата за заштита на конкуренцијата по однос на Ценовник за минимални цени;**
**4. Разгледување и утврдување на Листата на испитувачи за државни испити;**
**5. Информација за работата на секторите во Стручната служба на Комората;**

**6. Информации поврзани со активностите и продажбата на стариот деловен простор на Комората на ул.Антон Попов и тековни активности околу новиот деловен простор на ул.Балзакова бр.32;**
**7. Разно.**

1. **<u>Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 17-тата седница на ИО на СКМ;</u>**

Предлог-записникот од 17-тата седница на Извршниот одбор одржана на ден 12.12.2020 година беше едногласно усвоен, без измени и дополнувања.

2. **<u>Разгледување и завземање на став по однос на Пресуда на Управен суд по однос на тужбата на ЗПЗСУ ПДДМ;</u>**

По однос на оваа точка, правникот на Комората ги извести членовите на ИО дека со пресуда на Управен суд У-4 бр. 420/2019 од 24.11.2020 година, уважена е тужбата на тужителот Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи Кавадарци и поништено е Решението на Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија арх. бр. 03-454/2 од 23.04.2019 година. Постапката пред Управен суд ја водеше Адвокатското друштво Ристовска & Вујиќ од Скопје, како полномошник на Стоматолошката комора на Македонија. Според образложението на Пресудата, оспореното решение не содржи образложение, односно решението ги нема потребните елементи согласно *член 88, став 4 од ЗОУП.* Како што е наведено и во самата Пресуда, судот наоѓа дека има потреба од **повторно постапување и одлучување**, при што во повторената постапка Стоматолошката комора на Македонија ќе треба да ги има во предвид дадените укажувања од страна на Управниот суд, со што ќе биде во можност да донесе правилна и законита одлука.

По однос на оваа точка збор зеде д-р Гагалески, кој на глас, во целост ја прочита **Пресудата на Управниот суд на РСМ, У-4. бр. 420/2019 од 24.11.2020 година.**

Откако сите членови на ИО се запознаа со содржината на Пресудата, Извршниот одбор на Стоматолошка комора на Македонија, врз основа на член 28 став 2 точка 24 од Статутот на СКМ, постапувајќи по поднесена **жалба арх. број 03-454/1 од 17.04.2019 година на Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи – Кавадарци**, изјвена против Решение на Комисија за стручни стоматолошки прашања на Комората број 08-371/2 од 03.04.2019 година, во повторена постапка согласно член 52 од Законот за управни спорови (Службен весник на РМ бр. 62/06 и 150/10 (*Постапките пред Управниот суд и Вишиот управен суд започнати до денот на отпочнувањето на примената на законот објавен во службен весник број 96/19, според Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија, бр. 62/06, и 150/10)*) продолжуваат според законот по кој започнале), член 109 став 9 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ број 124/15), а постапувајќи по Пресудата на Управниот суд на РСМ У-4.бр. 420/2019 од 24.11.2020 година, донесе Решение со кое Жалбата на Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи – Кавадарци арх. број 03-454/1 од 17.04.2019 година, **СЕ УВАЖУВА.**

Решението на Комисија за стручни стоматолошки прашања на Комората број 08-371/2 од 05.04.2019 година, **СЕ ПОНИШТУВА** и предметот се враќа на **повторна постапка**.

3. **<u>Разгледување и завземање став по однос на Конечното известување за утврдена фактичка состојба на Комисијата за заштита на конкуренцијата по однос на Ценовник за минимални цени;</u>**

По однос на оваа точка збор зеде д-р Денковски, кој ги информираше членовите на ИО дека Комисијата за заштита на конкуренцијата – Комисијата за одлучување по прекршок, на ден 22.12.2020 година има донесено **Конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-25/4**

и ги запозна членовите на ИО со содржината на истото. Комората е незадоволна од изречената глоба од 20.000,00 денари, па во законски предвидениот рок од 8 дена, писмено се изјасни за наводите содржани во Конечното известување за утврдена фактичка состојба, преку Адвокатското друштво Чичевалиев и Илијовски, кое ја застапува Комората во оваа постапка, а која се води подолг временски период.

4. **Разгледување и утврдување на Листата на испитувачи за државни испити;**

Д-р Денковски ги информираше членовите на ИО дека на членовите на Стоматолошката комора на Македонија кои ги исполнуваат условите предвидени во Правилникот за стручен испит, до 15.12.2020 г., по електронски пат им беше испратена **Пријава за член на испитна комисија за стручен испит**, која требаше да ја пополнат и да ја пратат на е-маил **најдоцна до 15.01.2021 година**. Во предвидениот рок, од докторите кои доставија пријави, по разгледување на пријавите и проверка на исполнетоста на условите предвидени во Правилникот, се утврди дека **вкупно 74** доктори на стоматологија ги исполнуваат условите за членови на комисии за полагање на стручен испит.

Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, Предлог-листата на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија ја стави на гласање, по што Извршниот одбор, едногласно ја донесе **ОДЛУКАТА за усвојување на Предлог-листа на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија.**

Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологијата е составена од следните доктори на стоматологија:

1. АЛЕКСАНДАР ГРЧЕВ
2. АЛЕКСАНДАР ДИМКОВ
3. АМЕТ ДЕМИРИ
4. АНА СОТИРОВСКА ИВКОВСКА
5. АНЕТА АТАНАСОВА СТОЈАНОВСКА
6. АНЕТА МИЈОСКА
7. АНТОНИО КИРКОВ
8. БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА
9. БИЛЈАНА ЏИПУНОВА
10. БЛАГОЈА ДАШТЕВСКИ
11. БОРИС ВЕЛИЧКОВСКИ
12. БИЛЈАНА БОГДАНОВСКА
13. ВАСИЛКА РЕНЏОВА
14. ВЕРА РАДОЈКОВА НИКОЛОВСКА
15. ВЕРА СТОЈАНОВСКА
16. ВЕСНА АМБАРКОВА
17. ВЕСНА КОРУНОВСКА СТЕВКОВСКА
18. ВЛАДИМИР ПОПОВСКИ
19. ВЛАДО ВАНКОВСКИ
20. ГАБРИЕЛА ЌУРЧИЕВА ЧУЧКОВА
21. ГОРДАНА АПОСТОЛОВА
22. ГОРАН ПАНЧЕВСКИ
23. ДАНИЕЛА ВЕЛЕСКА СТЕФКОВСКА
24. ДАНИЦА МОНЕВСКА ПОПОВИЌ
25. ЕЛИЗАБЕТА ЃОРГИЕВСКА
26. ЕМИЛИЈА БАЈРАКТАРОВА ВАЉАКОВА
27. ЕМИЛИЈА СТЕФАНОВСКА (ЛЕВЕСКА)
28. ЕНИС РЕЏЕП
29. ЕФКА ЖАБОКОВА БИЛБИЛОВСКА
30. ЗЛАТКО ГЕОРГИЕВ
31. ИВОНА КОВАЧЕВСКА
32. ИЛИЈАНА МУРАТОВСКА
33. ЈАДРАНКА БУНДЕВСКА
34. ЈЕТМИРЕ ЈАКУПИ
35. ЈУЛИЈАНА НИКОЛОВСКА
36. КАТЕРИНА ДИРЈАНСКА

37. КАТЕРИНА ЗЛАТАНОВСКА
38. КЕНАН ФЕРАТИ
39. КИРО ПАПАКОЧА
40. КРИСТИНА МИТИЌ
41. ЛИДИЈА КАНУРКОВА
42. ЛИДИЈА ПОПОВСКА
43. ЛИНДИХАНА ЕМИНИ
44. ЉУБА СИМЈАНОВСКА
45. МАЈА ПАНДИЛОВА
46. МАЈА ПОП СТЕФАНОВА ТРПКОСКА
47. МАРИЈА ПЕЕВА ПЕТРЕСКА
48. МАРИНА ЕФТИМОВСКА
49. МЕРИ ПАВЛЕСКА
50. МИРА ЈАНКУЛОВСКА
51. МИРЈАНА ПОПОВСКА
52. МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ
53. НАТАША ЛОНГУРОВА
54. НИКОЛА ГИГОВСКИ
55. НАТАША СТАВРЕВА
56. ОЛГА КОКОЧЕВА ИВАНОВСКА
57. ОЛИВЕР ДИМИТРОВСКИ
58. САЊА НАШКОВА
59. САЊА ПАНЧЕВСКА
60. САХМЕДИН САЛИ
61. САШО ЕЛЕНЧЕВСКИ
62. САШО ЈОВАНОВСКИ
63. СИЛВАНА ГЕОРГИЕВА
64. СНЕЖАНА ПЕШЕВСКА
65. СОЊА АПОСТОЛСКА
66. СОЊА МИНДОВА
67. СТЕВИЦА РИСТОСКА
68. СУЗАНА ДВОЈАКОВА
69. САБЕТИМ ЧЕРКЕЗИ
70. ЌИРО ИВАНОВСКИ
71. ХАСИМ ХАВЗИУ
72. ЦВЕТАНКА БАЈРАКТАРОВА МИШЕВСКА
73. ЦЕНА ДИМОВА
74. ШЕРИФ ШАЌИРИ.

5. **<u>Информација за работата на секторите во Стручната служба на Комората;</u>**

На седницата беа разгледани Извештаите за работа на дел од секторите во Комората, но бидејќи истите не се комплетни, беше одлучено на следната седница на ИО да се разгледаат комплетните извештаи од сите сектори, на што се согласија сите членови на одборот.

6. **<u>Информации поврзани со активностите и продажбата на стариот деловен простор на Комората на ул.Антон Попов и тековни активности околу новиот деловен простор на ул.Балзакова бр.32;</u>**

Во врска со оваа точка, информации околу активностите за продажба и купување даде д-р Денковски. Тој ги информираше членовите дека во стариот деловен простор завршена е постапката околу потпишување на Договор за продажба, а до крај на месецот се очекува да биде решен и проблемот со течењето во тоалетот. Новиот деловен простор е опремен со нов мебел, искористен е дел од мебелот и од стариот простор и е прилагоден на новиот простор. До крајот на месецот треба да се потпише и Договор за продажба со МУЛТИБРЕНД ДОО Скопје.

7. **<u>Разно.</u>**

По однос на оваа точка збор зеде д-р Гагалески, кој праша дали докторите на стоматологија ќе бидат вклучени во петтиот пакет мерки на Владата, по што претседателот на Комората, д-р Денковски, одговори дека досегашните пакет мерки на Владата се однесувале на сите професии и можеле да се пријават и стоматолозите. До сега многу стоматолози кои ги исполнувале условите добиле средства од Владата.

Д-р Денковски ги информираше членовите на ИО дека Кризниот штаб на Комората, со писмено Барање се **обрати до Управниот одбор на ФЗОРСМ, до менаџерскиот тим на ФЗОРСМ, во кое бара зголемување од најмалку 20% на износот на партиципацијата, на учеството што пациентите го плаќаат при добивање на стоматолошката услуга во приватните стоматолошки установи. Се очекува ФЗОРСМ да го разгледа ова Барање кое е во интерес на стоматолозите и во најкраток рок да донесе Одлука по истото.**

На седницата, се отвори дискусија во врска со **Анкетата за вакцинација** која беше доставена до стоматолозите. Претседателот на Извршниот одбор, д-р Селими ги извести членовите на ИО дека повеќето стоматолози се изјасниле позитивно во врска со вакцинацијата. На предлог на д-р Селими, сите членови на ИО се изјаснија дека го поддржуваат процесот на вакцинација и донесоа Заклучок да се даде препорака на членовите на Комората да се вакцинираат.

Претседателот на Комората, д-р Денковски ги информираше членовите на ИО дека во најскоро време ќе оствари контакт со претседателите на Лекарската и Фармацевстката комора, за спроведување на кампања за вакцинација.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •